Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 21.03.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1746 | 1 | |

# Извештај од Првиот јавен состанок на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2014 година, одржан на 19.03.2014 година во Бизнис салата на новата административна зграда на Агенцијата за електронски комуникации

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Зоран Трајчевски, д-р Милаим Фетаи, д-р Борис Арсов, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини, Сељадин Џезаири.

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Слободан Беличански, м-р Драгица Љубевска, Арбен Саити, Магдалена Давидовска – Довлева, Милаим Абдураими, Јетон Исмаили, Луција Ѓурковиќ.

**Други присутни:** Лазар Секуловски од УКИМ Факултет за драмски уметности во Скопје „ФДУ“, Роберт Орданоски од АЕК, Елизабета Двојакова од АЕК, Драган Секуловски од Здружение на новинари на Македонија, Ива Михајловска од Народниот правобранител, Зоран Бојаровски од ТРД АЛФА ТВ, Анѓелче Здравкин од ТРД ТВ ЗДРАВКИН од Велес, Зоран Петров од ТРД РАДИО АНТЕНА 5, Емилија Гаврилова од ТРД Радио Слободна Македонија, Тони Митев од ТРД ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО, Лидија Голубова од БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД, Стевица Јосифовски од Македонски Телеком АД Скопје, Благој Чурлинов од Комисија за заштита на конкуренција, Вера Самарџиева-Атанасоска од Македонски Телеком АД Скопје, Биљана Димова – Блажевска од ТММК, Горан Глигоров од ТРД ТВ Сител, Маргарита Столеска од ТРД Клуб ФМ, Ѓорѓи Савев од ТРД Сити Радио, Надица В'чкова од Центар за управување со кризи, Бисера Јордановска од ТРД Алсат М ТВ, Иван С. Мирчевски од ТРД Канл 5 ТВ, Газмен Шерифи од Центар за управување со кризи, Миле Јовановски од Микс Нет, Александра Динова од Спајдер-Нет, Иван Стефановски од Центар за развој на медиуми, Тинка Гоговска од ТРД Наша ТВ, Драган Чепујноски од Диги плус Мултимедија, Драган Адамчевски од ИМПЕРИЈА САТ, Горги Накев од СТУДИО АНДЕС, Игор Мицкоски од РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ, Митко Брзанов од Друштво за телекомуникации ПЕТ НЕТ, Игор Бојаџиев од АЕК, Благој Христов од Македонски Телеком АД Скопје, Александар Ристески од ФЕИТ, Душко Сапунџиев од ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ, Дејан Јорданов од Стопанска интересна заедница на оператори на кабелска мрежа МК НЕТ-Скопје, Марјан Стефановски од Центар за развој на медиуми, Филип Петерзанов од ТРД РФМ и Даниела Блажевска од УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 - Универзитет „Св. Кирил и Методиј„, Скопје.

Претседателот на Советот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски го отвори Првиот јавен состанок на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2014 година.

Состанокот започна во 11.30 часот и се одржа во Бизнис салата на новата административна зграда на Агенцијата за електронски комуникации.

Претседателот на Советот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, истакна дека согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна на секои три месеци да организира еден јавен состанок, на кој ќе им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите ставови и мислења во однос на развојот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги во Република Македонија. Тој додаде дека Стручната служба подготви две

соодветни презентации, а своја презентација ќе има и на деканот на Факултетот за драмски уметност од Скопје, како прва соработка на Агенцијата со оваа образовна институција, по потпишаниот Меморандум.

Потоа, присутните ја проследија **презентацијата** на Раководителот на Стручната служба во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, м-р Андриана Скерлев – Чакар, во која се говореше за реализацијата на активностите и исполнувањето на целите од годишната програма за работа на Агензијата за аудио и аудиовизулени медиумски услуги, за првото тромесечие од годината, односно од донесувањето на новата медиумска регулатива, до денес.

Следуваше **презентацијата** на Раководителот на Секторот за истражување и долгорочен развој во АВМУ, Магдалена Давидовска – Довлева, во која таа направи пресек на состојбите на пазарот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Република Македонија. Презентацијата се однесува на состојбите во радиодифузната дејност, односно на економското работење на радиодифузерите во 2012 година, од причина што податоците за економското работење на радиодифузерите во 2013 година се уште се прибираат. Во првиот дел од презентацијата беа претставени податоците за состојбите во телевизиската индустрија, а во вториот дел - податоците за состојбите во радиската индустрија.

По паузата, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата д-р Милаим Фетаи, го водеше вториот дел од Првиот јавен состанок на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2014 година.

Присутните ја проследија **презентацијата** на Вон. проф. м-р Лазар Секуловски, Декан на ФДУ, чија тема беше имплементацијата на медиумската писменост во образовниот систем на Република Македонија. Тој се осврна на светските и регионалните искуства во поглед на интеграцијата на медиумското образование во националниот односно регионалниот училишен наставен план и говореше за потребите и можностите за имплементација на медиумското образование во образовниот систем на Република Македонија.

По презентацијата на проф. Секуловски, следуваше Панел дискусија, во која сите присутни имаа можност да постават прашања или да дадат мислења и сугестии.

## Панел дискусија

**Ива Михајловска, Кабинет на Народниот правобранител, прашање:** на кој начин децата ќе бидат заштитени при претстојната кампања за претседателските и парламентарните избори?

**Став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по ова прашање:** Изборниот законик (Пречистен текст), бр. 10-606/2 од 11 февруари 2014 година, содржи посебни одредби во врска со малолетната публика и изборните процеси. Во Член 75 став 3 е наведено дека: „Програмите наменети за малолетната публика не смеат да се користат за изборно медиумско претставување." Воедно, во Член 76 став 3 од Изборниот законик пишува дека: „Не е дозволено учество на малолетници во платено политичко рекламирање", а според член 76 став 4: „Радиодифузерите не смеат да емитуваат платено политичко рекламирање во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца, и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани."